**20151193564**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 48 од Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/92, 20/03, 46/04, 19/07, 84/08, 51/11 и 135/11), министерот за внатрешни работи, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАСЦИТЕ НА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ И ВИЗИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЗА НАЧИНОТ НА ФОТОГРАФИРАЊЕ ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за обрасците на патните исправи и визи на државјаните на Република Македонија, за начинот на фотографирање за патните исправи и за водење на евиденција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/93, 54/93, 73/04, 40/07, 161/07, 73/10 и 40/14) во член 2 ставовите 3 и 4 се менуваат и гласат:

„Почетната страница содржи орнамент со грбот на Република Македонија и натписите „Република Македонија“ и „Пасош“ отпечатени на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик, како и лозинка составена од шестоцифрен број, отпечатена на проѕирна лента. Натписот „Република Македонија“ е отпечатен со мастило кое под инфра црвено светло одредени делови од текстот ги прави невидливи.

Страницата со податоци е изработена од повеќеслоен поликарбонат со инкорпорирани заштитни елементи и содржи бесконтактен чип, кој се отвара со лозинката од ставот 3 на овој член. На површината на поликарбонатот е изгравирана мегалитската опсерваторија „Кокино“. На страницата со податоци постои машински читлив дел, во кој се пополнуваат податоци согласно стандардите за машински читливи документи. На горниот дел од страницата испишан е натписот „Република Македонија“, а под него „Пасош“, „Вид“, „Код“ и „Бр. на пасош“, на македонски и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик. Во горниот дел од страницата, до натписот „Пасош“ отпечатена е апликација за електронска патна исправа со оптичко варијабилно мастило апликација за електронска патна исправа, која се прелева во две бои. Под апликацијата е определено место за фотографија со димензии 35 х 45 мм. Во долниот десен агол на фотографијата се наоѓа кинеграм со мотив од рајски птици. Под фотографијата во проѕирната лента видлива е лозинката, во огледало ефект. Во горниот десен агол на страницата се наоѓа фотографија на носителот на патната исправа испечатена со оптички варијабилно мастило кое се прелева во две бои. Под фотографијата испечатени се буквите МКD на латинично писмо, кои гледани под различен агол даваат ефект на движење. Страницата со податоци ги содржи и следните рубрики испишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик: „Презиме“, „Име“, „Државјанство“, „Датум на раѓање“, „МБ“, „Пол“, „Место на раѓање“, „Датум на издавање“, „Издаден од“, „Важи до“ и „Своерачен потпис“. Потписот на барателот на патната исправа е изгравиран во проѕирната лента. Страницата со податоци со останатите страници од патната исправа е поврзана со лента на која има заштитни елементи и тоа: микротекст МКД, УВ заштита и заштитни елементи на лентата помеѓу слоевите од поликарбонат, видливи под силно транспарентно светло.“.

Член 2

Прилозите број 1 и 2 се заменуваат со нови прилози број 1 и 2, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1 -46211/1
14 јули 2015 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Митко Чавков,** с.р.

**Прилог 1**




РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIC OF MACEDONIA
REPUBLIQUE DE MACEDOINE
ПАСОШ
PASSPORT
PASSEPORT


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА/REPUBLIC OF MACEDONIA/REPUBLIQUE DE MACEDOINE
Пасош
Passport / Passeport
Вид/Type/Type
Код/Code/Code
Бр. на пасош/Passport No./Passeport no
1. Презиме/Surname/Nom
2. Име/Name/Prénoms
3. Државјанство/Nationality/Nationalité
4. Датум на раѓање/Date of birth/ Date de naissance
5. МБ/Personal No./N° d'immatriculation
6. Пол/Sex/Sexe
7. Место на раѓање/Place of birth/Lieu de naissance
8. Датум на издавање/Date of issue/ Date de délivrance
9. Издаден од/Authority/Autorité
10. Важи до/Date of expiry/ Valable jusqu'au
11. Своерачен потпис/Holder's signature/ Signature du titulaire
MKD


СОДРЖИНА / CONTENT / CONTENU
1. Презиме / Surname / Nom
2. Име / Name / Prénoms
3. Државјанство / Nationality / Nationalité
4. Датум на раѓање / Date of birth / Date de naissance
5. Матичен број / Personal number / N° d'immatriculation
6. Пол / Sex / Sexe
7. Место на раѓање / Place of birth / Lieu de naissance
8. Датум на издавање / Date of issue / Date de délivrance
9. Издаден од / Authority / Autorité
10. Важи до / Date of expiry / Valable jusqu'au
11. Своерачен потпис / Holder's signature / Signature du titulaire
12. Живеалиште и адреса / Permanent residence / Domicile
SPECIMEN
2
Визи/Visas/Visas
SPECIMEN
3


Државјанин на Република Македонија, за време на престојот во странство, за совет, заштита, помош и друга поддршка, може да се обрати до дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија.
Носителот на пасошот е должен грижливо да го чува. Не е дозволено никакво менување или исправка на податоците во пасошот.
Забрането е давање на пасошот на користење на друго лице или користење со туѓ пасош.
Патната исправа не смее да се користи ако носителот на пасошот ги промени; презимето, името, денот, месецот и годината на раѓањето, полот или матичниот број, а во случај на нивна промена, носителот е должен да го предаде пасошот во Министерството за внатрешни работи во рок од 30 дена заради негово поништување.
Забрането е пасошот да се дава или зема во залог поради ненамирени обврски кон државните органи, правни и физички лица. Наведеното е казниво според закон.
Лице кое ќе остане без пасош во странство, исчезнувањето или губењето на пасошот е должно да го пријави во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство, а по враќањето во земјата, во Министерството за внатрешни работи.
Исчезнувањето или губењето на пасошот во Република Македонија, носителот е должен да го пријави во Министерството за внатрешни работи.
Лице коешто ќе го најде овој пасош, потребно е да го предаде на лицето на чие име гласи, на полицаец, во најблиската полициска станица или во Министерството за внатрешни работи.
Овој пасош е сопственост на Република Македонија.
This passport is property of the Republic of Macedonia.
Ce passeport demeure la propriété de la République de Macédoine.
Овој пасош има 32 нумерирани страници.
This passport contains 32 enumerated pages.
Ce passeport contient 32 pages numérotées.
SPECIMEN
32
SPECIMEN
MKD

**Прилог бр. 2**


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË
REPUBLIC OF MACEDONIA
REPUBLIQUE DE MACEDOINE
ПАСОШ
PASAPORTË
PASSPORT
PASSEPORT


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË
REPUBLIC OF MACEDONIA
REPUBLIQUE DE MACEDOINE
ПАСОШ
PASAPORTË
PASSPORT
PASSEPORT


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА/REPUBLIKA E MAQEDONISË/REPUBLIC OF MACEDONIA/REPUBLIQUE DE MACEDOINE
Пасош / Pasaportë
Passport / Passeport
Вид/Lloji/Type/Type
Код/Kodi/Code/Code
Бр. на пасош/Numri i pasaportës/Passport No./
Passeport no
1. Презиме/Mbiemri/Surname/Nom
2. Име/Emri/Name/Prénoms
3. Државјанство/Shtetësia/Nationality/Nationalité
4. Датум на раѓање/Data e lindjes/Date of birth/
Date de naissance
5. МБ/NA/Personal No./N°d'immatriculation
MKD
6. Пол/Gjinia/Sex/Sexe
7. Место на раѓање/Vendi i lindjes/Place of birth/Lieu de naissance
8. Датум на издавање/Data e lëshimit/Date of issue/
Date de délivrance
9. Издаден од/Lëshuar nga/Authority/Autorité
10. Важи до/Vlen deri më/Date of expiry/
Valable jusqu'au
11. Своерачен потпис/Nënshkrimi personal/
Holder's signature/Signature du titulaire


СОДРЖИНА/ PËRMBAJTJA / CONTENT / CONTENU
1. Презиме / Mbiemri / Surname / Nom
2. Име / Emri / Name / Prénoms
3. Државјанство / Shtetësia / Nationality / Nationalité
4. Датум на раѓање / Data e lindjes / Date of birth / Date de naissance
5. Матичен број / Numri i amzës / Personal number / N° d'immatriculation
6. Пол / Gjinia / Sex / Sexe
7. Место на раѓање / Vendi i lindjes / Place of birth / Lieu de naissance
8. Датум на издавање / Data e lëshimit / Date of issue / Date de délivrance
9. Издаден од / Lëshuar nga / Authority / Autorité
10. Важи до / Vlen deri më / Date of expiry / Valable jusqu'au
11. Своерачен потпис / Nënshkrimi personal / Holder's signature / Signature du titulaire
12. Живеалиште и адреса / Vendbanimi dhe adresa / Permanent residence / Domicile
SPECIMEN
Визи/Vizat/Visas/Visas
SPECIMEN



Државјанин на Република Македонија, за време на престојот во странство, за совет, заштита, помош и друга поддршка, може да се обрати до дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија.
Носителот на пасошот е должен грижливо да го чува. Не е дозволено никакво менување или исправка на податоците во пасошот.
Забрането е давање на пасошот на користење на друго лице или користење со туѓ пасош.
Патната исправа не смее да се користи ако носителот на пасошот ги промени: презимето, името, денот, месецот и годината на раѓањето, полот или матичниот број, а во случај на нивна промена, носителот е должен да го предаде пасошот во Министерството за внатрешни работи во рок од 30 дена заради негово поништување.
Забрането е пасошот да се дава или зема во залог поради ненамирени обврски кон државните органи, правни и физички лица. Наведеното е казниво според закон.
Лице кое ќе остане без пасош во странство, исчезнувањето или губењето на пасошот е должно да го пријави во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство, а по враќањето во земјата, во Министерството за внатрешни работи.
Исчезнувањето или губењето на пасошот во Република Македонија, носителот е должен да го пријави во Министерството за внатрешни работи.
Лице коешто ќе го најде овој пасош, потребно е да го предаде на лицето на чие име гласи, на полицаец, во најблиската полициска станица или во Министерството за внатрешни работи.

Овој пасош е сопственост на Република Македонија.
This passport is property of the Republic of Macedonia.
Ce passeport demeure la propriété de la République de Macédoine.

Овој пасош има 32 нумерирани страници.
This passport contains 32 enumerated pages.
Ce passeport contient 32 pages numérotées.

Shtetasit e Republikës së Maqedonisë, gjatë qëndrimit në vend të huaj mund të drejtohen në përfaqësinë diplomatike-konsullore të Republikës së Maqedonisë për këshilla, ndihmë, mbrojtje dhe çfarëdo mbështetje.
Poseduesi i pasaportës është i detyruar që me kujdes ta ruajë atë. Nuk është e lejueshme asçfarë ndryshimi ose korigjimi i të dhënave në pasaportë.
Është e ndalueshme dhënja e pasaportës në përdorim të tjetër personi ose për të përdorur pasaportë të huaj.
Dokumenti i udhëtimit nuk guxon të përdoret nëse mbartësi i pasaportës bën ndryshimin e: mbiemrit, emrit, ditës, muajit dhe vitit të lindjes, gjinisë apo numrin amzë, në rast të ndryshimit të tyre, poseduesi është i detyruar brenda 30 ditëve ta dorzojë pasaportën në Ministrinë për Punë të Brendëshme për ta bërë të pa vlefshme.
Ndalohet dhënie ose marrje në peng e pasaportës për shkak të obligimeve të pashlyera ndaj organeve shtetërore, ndaj personave juridik dhe personave fizik. Kjo që u tha është e dënueshme sipas ligjit.
Kur personi mbetet pa pasaportë në vend të huaj, eshtë i detyruar që ta paraqesë zhdukjen ose humbjen e pasaportës në përfaqësinë diplomatike-konsullore të Republikës së Maqedonisë, dhe pasi të jetë kthyer në vend duhet ta pareqesë në Ministrinë për Punë të Brendëshme.
Kur humbja apo zhdukja e pasaportës ndodh në Republikën e Maqedonisë, poseduesi duhet ta paraqesë në Ministrinë për Punë të Brendëshme.
Personi që do e gjejë këtë pasaportë duhet tia dorzojë poseduesit, policit, në stacionin policor më të afërt apo në Ministrinë për Punë të Brendëshme.

Kjo pasaportë është në pronësi të Republikës së Maqedonisë.

Kjo pasaportë ka 32 faqe numerike.

32

SPECIMEN

SPECIMEN